ИНСТИТУТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Правилник
# за основање и работа на Одборот за акредитација

***Regulation on Constitution and Operation of the Accreditation Board***

**Акт: Р 12**

Врз основа на членот 14 став 1 алинеја 1 од Законот за акредитација („Сл. Весник на РМ“, бр.120/09) и член 13 став 2 од Статутот на Институтот за акредитација на Република Македонија, Советот на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија на седницата одржана на 12 ноември 2020 година донесе:

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ОСНОВАЊЕ И РАБОТА НА ОДБОРОТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА

## I. Општа одредба

### Член 1

Со овој Правилник се пропишува основањето на Одборот за акредитација на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: ИАРСМ), овластувањата и процедурите во врска со одржувањето на седниците и содржината на записниците од седниците.

## II. Конституирање и овластувања на Одборот за акредитација на ИАРСМ

### Член 2

Одборот за акредитација на ИАРСМ (во натамошниот текст: Одбор) го сочинуваат 3 члена.

Членовите на одборот ги именува Советот на ИАРСМ (во натамошниот текст Совет), од редот на неговите членови.

Еден од членовите се именува за претседател на Одборот (во натамошниот текст: претседател) и еден за заменик-претседател.

Во случај на постоење на конфликт на интереси кај член од Одборот, за некој предмет, Советот може да именува негов заменик.

Членовите мора да бидат непристрасни и компетентни во извршувањето на нивните активности и да ги запазуваат барањата за доверливост и конфликт на интереси.

### Член 3

Одборот врши работи и задачи и тоа:

- ја надгледува работата на директорот на ИАРСМ (во натамошниот текст директор) во врска со донесените одлуки во постапката за акредитација и други постапки за оцена на компетентност на телата за оцена на сообразност и
- доставува до Советот на ИАРСМ предлог одлука за доделување, одбивање, суспендирање или повлекување на акредитација и други одлуки во согласност со постапката за акредитација и други постапки за оцена на компетентност на телата за оцена на сообразност во случаи на постоење на конфликт на интереси меѓу директорот и барателот за акредитација и подолго отсуство на директорот на ИАРСМ.

### Член 4

Одборот работи на редовни и вонредни седници.

Редовните седници се свикуваат најмалку еднаш годишно, во просториите на ИАРСМ, со цел да се провери документацијата на основа на која директорот донесува одлуки за акредитација. На редовните седници задолжително е присуството на директорот и менаџерот за квалитет.

Вонредните седници ги свикува претседателот, а по барање на директорот или Советот во случаи кога има конфликт на интереси.

Како конфликт на интереси може да се смета кога директорот има какви било деловни или други врски со акредитираното тело или телото кое е во постапка на акредитација.

По исклучок, според пројавени потреби и кога условите тоа го дозволуваат, седницата може да се отвори и води од далечина со употреба на комуникациски средства (телефон или конференциска врска со употреба на интернет комуникација и софтверски алатки) и истата се смета за редовна седница.

## III. Свикување на седници, усвојување на дневен ред и подготовка на материјали

### Член 5

Седниците на Одборот ги свикува претседателот, а во негово отсуство или спреченост заменик претседателот.

Членовите на Одборот, директорот и менаџерот за квалитет се известуваат за одржување на седницата најмалку 8 дена однапред. Дневниот ред и придружните материјали за седницата се доставуваат најмалку 5 дена однапред.

### Член 6

Претседателот може да повика и други лица на седницата кога е потребна дополнителна експертиза или се неопходни подетални информации по одредена точка од дневниот ред.

### Член 7

Присуството/учеството на членовите на Одборот на седниците е задолжително.

Членот кој е спречен да присуствува/учествува на закажаната седница треба да го извести претседателот со образложение за причините за неговото отсуство најмалку три дена пред одржување на седницата.

### Член 8

Поканата за седницата содржи:

- реден број на седницата;
- датум, време и место на одржување на седницата;
- дневен ред; и
- листа на учесници кои се поканети како гости по определени точки од дневниот ред.

## IV. Водење на седниците на Одборот

### Член 9

Седниците на Одборот ги води претседателот, а во негово отсуство или спреченост заменик-претседателот со сите права и должности на претседателот.

Претседателот ги врши следните работи:

- закажува и претседава со седниците на Одборот;
- предлага дневен ред;
- формулира предлог-одлуки и ставови на Одборот;

- ги потпишува записниците од седниците, извештаите, одлуките на Одборот и други документи на Одборот и
- врши надзор на примената на одлуките на Одборот.

**Член 10**

Пред почетокот на седницата, претседателот проверува дали е обезбеден кворум за работа. Кворумот е обезбеден доколку на состанокот е присутно односно учествува со употреба на комуникациски средства мнозинство од членовите на Одборот.

**Член 11**

Претседателот ја отвора седницата, го предлага дневниот ред и го става на усвојување. Пред да се усвои дневниот ред, секој член на Одборот може да предложи дополнување на дневниот ред.

За секоја седница на Одборот се назначува записничар од членовите на Одборот.

**Член 12**

По усвојување на дневниот ред, претседателот ги повикува членовите на Одборот да земаат учество во дискусиите.

Учесниците кои се поканети како гости по определени точки од дневниот ред можат да земаат учество во дискусиите само за точките за кои се поканети, без право на одлучување.

Учесниците од став 2 на овој член може да присуствуваат на седницата само за точките од дневниот ред за кои се поканети.

Претседателот има право да ја ограничи дискусијата.

**Член 13**

По претресот на точките од дневниот ред, претседателот дава предлог за донесување на одлуки и истите ги става на гласање.

**Член 14**

Во случаи кога треба да се донесат одлуки за кои нема доволно податоци во приложената документација/евиденција, претседателот може да ја прекине седницата и да ја презакаже за друг термин кога ќе се обезбеди потребната документација или мислења од експерти за соодветната област.

## V. Одлуки на Одборот

**Член 15**

Одлуката на Одборот се смета за донесена кога на седниците се присутни/учествувале повеќе од половината и за неа гласало мнозинството од присутните членови.

Одборот, по правило, одлуките ги донесува со консензус.

Консензус во смисла на овој Правилник се смета дека одлуките се донесени кога во текот на дискусијата се земени предвид сите мислења и ставови на членовите на Одборот и се отстранети сите неусогласувања.

**Член 16**

Донесените одлуки се внесуваат во извештај со иста содржина која е усвоена на седницата.

## VI. Извештај од седниците

**Член 17**

Од секоја седница се прави извештај.

Извештајот содржи:

- реден број на седницата;
- датум и време на започнувањ и завршување на седницата;
- место на одржување;
- присутни членови на Одборот и другите поканети лица;
- дневен ред;
- донесени одлуки;
- одредени делови од дискусите или ставови на членовите на Одборот доколку тие побараат истите да влезат во извештајот; и
- потписи од записничарот и претседателот или заменик-претседателот.

**Член 18**

Во рок од 10 дена од одржувањето на седницата до секој член на Одборот, претседателот на Советот и директорот се доставува потпишана копија од извештајот, а до менаџерот за квалитет се доставува електронска верзија од извештајот.

Другите учесници поканети на седницата на Одборот добиваат само делови од извештајот кои се однесуваат на нивното излагање, дискусија или став.

**Член 19**

Приговор на извештајот може да поднесе секој член на Одборот, доколку смета дека записите не кореспондираат на неговата дискусија/став на седницата.

Приговорот се поднесува во рок од 8 дена од добивањето на извештајот.

Извештаите се интерни документи и нивното објавување не е дозволено.

**Член 20**

Организационите, административните и техничките работи во врска со седниците ги врши Одделението за правни и општи работи на ИАРСМ. Оригиналите од записниците, одлуките, извештаите и другите материјали од седниците на Одборот ги чува Одделението за правни и општи работи.

## VII. Завршни одредби

**Член 19**

Со влегувањето во сила на овој Правилник, престанува да важи Правилникот за основање и работа на Одборот за акредитација од 16.07.2010 година.

**Член 20**

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

Датум: 12 ноември 2020 година

Овластен потписник,
Заменик-претседател на Советот на ИАРСМ,
Татјана Тасевска с.р.,